**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Сашо Ѓоргиев**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Васка Циклева бр.19**
**тел. 032-443-130**

**Образец бр.66**

**И.бр. 33/2009**

Извршителот Сашо Ѓоргиев од Свети Николе, ул.Васка Циклева бр.19 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стево Наунов од Свети Николе со ЕМБГ и живеалиште на ул. Карпошева бр 58 преку полномошник Адвокат Добре Ѓорѓиевски, засновано на извршната исправа П бр. 37/07 од 12.09.2007 година на Основен суд Свети Николе, против должниците Златко Михајловски од Свети Николе со ЕМБГ и живеалиште на ул. Орце Николов бр. 95а, и Вера Михајловска од Свети Николе со ЕМБГ и живеалиште на ул Орце Николов бр, 95а, за спроведување на извршување во вредност Златко Михајловски денари на ден 08.04.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање по прв пат на недвижноста означена како: ½ идеален дел од куќа на ул.„Маршал Тито“ бр. 47 во Свети Николе, запишана во имотен лист бр.1488 од 23.11.2020 год. при ДЗГР-сектор/ одделение за премер и катастар во Град Свети Николе со следните ознаки:

Лист :В Податоци за згради,посебни делови од згради и други објекти и за правото на сопственост:

КП бр.10550 за КО Свети Николе на ул.„Маршал Тито “ бр.47 во Свети Николе од кој:

КП бр.10550 дел 0, - згр. 1, намена –стан во семејна зграда, влез.1,кат 1, бр. 1, со површина од 15 м2,

КП бр.10550 дел 0-згр.1, намена –стан во семејна зграда влез 1, приз. , бр.1 , со површина од 20 м2,

КП бр.10550 дел 0 -згр. 1, намена –помошни простории, влез 1, приз., бр. 1, со површина од 13 м2,

КП бр.10550дел 0 –згр. 2, намена –помошни згради ,влез.1, приз. ,бр.000, со површина од 4 м2.

врз кои должникот е сосопственик на ½ идеален дел, а е во владение на сосопствениците Златко Михајловски Свети Николе и Влатко Апостолов, ул„Маршал Тито“ бр.49 од Свети Николе..

Продажбата ќе се одржи на ден 27.04.2021 година во 12 часот во просториите на извршител Сашо Ѓоргиев од Свети Николе ,ул. „Васка Циклева“ бр.19.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок И.бр.33/09 од 04.02.2019 год. на извршителотСашо Ѓоргиев од Свети Николе, изнесува 83.732,00 денари или 1.361,50 Евра (сметано по курс од 1 Евро = 61.50 денари) денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености- прибелешка на налог за извршување И.бр.33/09 од 18.03.2009 на извршител Сашо Ѓоргиев и прибелешка на налог за извршување И.бр.167/10 од 29.06.2010 год. на извршител Весна Кавракова (сега извршител Билјана

Николовска). Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210064528410248 која се води кај извршител Сашо Ѓоргиев од Свети Николе и даночен број 5025009501348.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Сашо Ѓоргиев

Д.-на: доверител
должник
Град Свети Николе - Сектор за финансии

Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X ____________________________

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Свети Николе согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.